Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# ПАТОКАЗ

## ЗА АКТИВНОСТИ ЗА МОНИТОРИНГ И МОБИЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА

**Скопје, декември 2023**

Овој патоказ е изработен во рамките на проектот *Поддршка на изборните реформи,* финансиран од Владата на Швајцарија и имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Ставовите, мислењата и содржините изразени во овој документ неопходно не ги одразуваат ставовите на донаторот, проектот или организацијата за имплементација.

1. ЗАДНИНА ........ 2
2. ЦЕЛ НА ПАТОКАЗОТ ........ 2
3. ЗОШТО СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГ? ........ 3
4. ОДЛУКА НА ШТО ДА СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГ ........ 5
- Мониторинг на ветувањата на политичките партии ........ 5
5. КАКО СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГ? ........ 8
- Развој и употреба на Матрицата за мониторинг ........ 8
- Процес на собирање податоци ........ 11
  - Извори на информации за внес на податоци ........ 12
6. ЕФИКАСНА УПОТРЕБА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ ........ 12
- Пристапи и методи на застапување ........ 13
  - Работа со засегнатите страни ........ 14

Функционери и претставници на политички партии ........ 15

Граѓани и други граѓански организации ........ 16
  - Резултати постигнати преку мониторинг ........ 17
7. КЛУЧНИ ИЗВЛЕЧЕНИ ПОУКИ: НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ И ПРЕПОРАКИ ........ 18

## 1. ЗАДНИНА

„Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија“ е проект на Владата на Швајцарија, што го спроведува Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Главната цел на проектот е да се поддржат демократски и кредибилни изборни процеси што го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција, овозможувајќи им на гласачите слободно да ги избираат своите претставници и да ги повикуваат на одговорност.

Активностите на проектот се наменети да го поддржат исполнувањето на оваа цел преку постигнување на три резултати:

- Резултат 1: Зајакнатите институции спроведуваат фер и ефикасни изборни процеси
- Резултат 2: Политички партии со внатрепартиска демократија застапуваат политики и изборни програми ориентирани кон граѓаните
- Резултат 3: Зајакнатите граѓани ги повикуваат политичките партии и избраните функционери на одговорност

Проектот соработува со повеќе засегнати страни, односно, со граѓанските организации (ГО), политичките партии, државните органи и граѓаните, со цел понатамошно унапредување на знаењето и експертизата за изборните процеси и меѓународните добри практики. За да се исполнат целите на проектот, ИФЕС ја поддржува Државната изборна комисија (ДИК), изборната администрација на пониско ниво, односно, општинските изборни комисии (ОИК) и избирачки одбори (ИО), и политичките партии, а соработува и со други институции поврзани со изборите, како и со граѓански организации на национално и локално ниво.

Покрај горенаведените, корисници на проектот се и владини агенции, односно, Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државниот завод за статистика, Народниот правобранител, Државниот завод за ревизија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда; како и политичките партии, гласачите и граѓаните.

## 2. ЦЕЛ НА ПАТОКАЗОТ

Преку зајакнување на граѓаните да бараат одговорност од политичките партии и избраните функционери како еден од основните столбови на проектот, во текот на изминатите три години беа вложени значителни напори за мобилизирање на активни млади граѓани и граѓански групи за да се унапреди граѓанското образование, инклузијата, мониторингот и застапувањето во нивните локални заедници. Овие напори резултираа со три генерации на мобилизатори на заедницата (МЗ) кои презедоа иновативни иницијативи (ИИ), а секоја од тие иницијативи имаше за цел да се следат одредени изборни ветувања на национално или локално ниво, како и да се мобилизира заедницата за да бара поголема одговорност и транспарентност од избраните функционери.

Целта на овој патоказ е да се направи преглед, но и да се презентира работата за мониторинг на изборните ветувања и мобилизација на заедницата преку градење капацитети и помош преку мали грантови за поединечни активисти и граѓански организации. Овој патоказ ги

претставува резултатите од **посебните напори** што беа направени, особено ако се земе предвид дека во поголемиот број случаи ГОи не располагаат со финансиски, стручни и човечки ресурси за да се вклучат во систематски мониторинг и мобилизација на заедницата. Тоа е дополнително отежнато бидејќи честопати недостасува капацитет да се сумираат, анализираат и дисеминираат резултатите, особено кога се работи за комплексни прашања како што се изборни ветувања на политичките партии и мониторинг на транспарентноста и отчетноста на избраните функционери.

И покрај фактот што заложбите беа насочени кон мониторинг и на централната и на локалната власт, сепак со овој патоказ ќе се споделат резултатите и научените лекции од заложбите да се спроведе мониторинг и мобилизација/застапување на општинско ниво. Имено, Патоказот ќе послужи како начин да се мотивираат граѓанските организации да се вклучат во подобрување на нивните заедници преку систематско собирање на податоци и систематско промовирање на резултатите од нивните заложби. Овој патоказ ја отсликува работата на вкупно 88 поединци (мобилизатори на заедницата) и 35 граѓански организации кои се вклучија во мобилизација на заедницата, мониторинг и застапување во вкупно 28 општини во периодот од 2020-2023 година. Патоказот дава преглед на нивните успеси и предизвици со цел да се инспирира и да даде пример на останатите за тоа што е можно да се преземе. Целта на овој патоказ е да послужи како начин да се охрабрат и други граѓански организации да се вклучат во овие заложби.

Подолу е дадена распределбата по општини и по број на прашања од мониторингот:

| Општина | Бр. | Општина | Бр. | Општина | Бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| Тетово | 2 | Дебар | 1 | Велес | 1 |
| Прилеп | 3 | Неготино | 1 | Врапчиште | 2 |
| Битола | 1 | Демир Хисар | 1 | Кавадарци | 1 |
| Скопје-Центар | 1 | Делчево | 2 | Кочани | 1 |
| Охрид | 1 | Аеродром | 1 | Струга | 1 |
| Кисела Вода | 2 | Гостивар | 2 | Бутел | 1 |
| Шуто Оризари | 2 | Центар Жупа | 1 | Боговиње | 1 |
| Струмица | 2 | Могила | 1 | Јегуновце | 1 |
| Маврово Ростуше | 1 | Ново Село | 1 | | |
| Куманово | 1 | Босилово | 1 | | |

Табела 1: Распределба на прашањата од мониторингот и општините

## 3. ЗОШТО СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГ?

Мониторингот во суштина претставува алатка за **конструктивен ангажман на граѓаните**. Активните граѓани имаат можност да ја надминат ситуацијата со давање приговори и коментари и набљудување на недостатоците и проблемите во нивната посредна и непосредна околина - нивните населби, општини, региони и држави. Наместо тоа, **мониторингот претставува конструктивна, интерактивна и позитивна алатка за ангажирање на граѓаните.**




Приказ 1: Еволуција на граѓанското учество

Целта на проектите за мониторинг на граѓанското општество е да се соберат **доволно силни податоци.** Тие податоци ќе му помогнат на граѓанското општество да ги информира носителите на одлуки и останатите каде треба да се случат позитивни промени, и  тоа да се направи на систематски и компетентен начин.

Активистите и граѓанските организации кои се вклучија во активности за мобилизација и мониторинг на заедницата преку нивните иновативни иницијативи, врз основа на стекнатите искуства ги споделија следниве согледувања и зошто е важно да се врши мониторинг:

- **Процесот на мониторинг сам по себе создава позитивни промени:** Процесот на мониторинг не треба да се смета само како можност за критика, туку и како начин за позитивен ангажман за да укаже дека кај граѓаните постои интерес за повисоки стандарди на квалитет и подобри практики.

- **Мониторингот помага во исполнувањето на изборните ветувања:** Преку мониторинг на изборните ветувања не се повикуваат избраните функционери на одговорност, туку и се забрзува исполнувањето на дадените ветувања, во корист на заедницата.

- **Мониторингот го подобрува квалитетот на изборните програми:** Откако ќе бидат избрани општинските кандидати, нивните изборни програми  се основата за креирање политики. Преку искажување  на конкретни потреби на компетентен и структуриран начин, граѓаните учествуваат во креирањето на предизборните и општинските програми. Процесот на ангажман придонесува за мапирање на конкретните потреби на граѓаните и со тоа се зголемуваат шансите за подготовка на програми коишто се реални и одговараат на потребите на локалната заедница.




Приказ 2: Логиката на проектите за мониторинг и мобилизација на заедницата

Надоврзувајќи се на **трансформативните придобивки** што може да произлезат од систематскиот мониторинг на изборните ветувања на локално ниво за севкупниот квалитет на живот на заедниците, според согледувањата на вклучените 2I мобилизатори на заедницата, овој пристап треба да се прошири и на национално ниво, односно проектот треба и понатаму да ги вклучува граѓанските организации во процесот на мониторинг на национално и локално ниво, а методологијата за мониторинг и понатаму да се развива. Мониторинг треба да се спроведува не само на изборните ветувања за општините, туку и на ветувањата на владата и на работата на јавните претпријатија и владините агенции, но и генерално на трошењето јавни средства.

## 4. ОДЛУКА НА ШТО ДА СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГ

### Мониторинг на ветувањата на политичките партии

Мониторингот на изборните ветувања на политичките партии и мобилизацијата на заедницата за да го следи исполнувањето на дадените ветувања е еден од начините преку кој граѓанското општество ги повикува политичките партии и нивните избрани претставници на **одговорност**.

Развојниот процес на изборните ветувања ја следи следната логика:

- Политичките партии подготвуваат сеопфатни изборни програми за да им ги претстават на граѓаните во предизборниот период кога се **натпреваруваат** за поддршката од гласачите.
- Победничките партии на национално и локално ниво потоа **ги преточуваат изборните ветувања од нивните програми во оперативни активности** во рамките на националните и општинските стратегии, годишните програми и акциските планови.

Генерално, граѓаните се организираат преку формални и неформални иницијативи за да се застапуваат за исполнување на изборните ветувања на политичките партии. Овој процес е особено релевантен на локално ниво, бидејќи градоначалникот и избраните локални власти **треба да одржуваат блиски релации со електоратот и да испорачаат резултати за заедницата.**

**Преку структуриран мониторинг на ветувањата дадени од политичките партии се добиваат сеопфатни и веродостојни информации за статусот на исполнување на дадените ветувања, поставените приоритети, вклучително и за тоа колку се тие релевантни во однос на барањата и потребите на граѓаните**.

Преку учество во процесот на мониторинг, општините испраќаат порака до јавноста дека **се отворени и транспарентни и подготвени да соработуваат** со граѓанските организации и граѓаните. Транспарентноста и отчетноста на избраните функционери се важни начела на доброто владеење. Ако јавната институција покажува спремност да ги сподели информациите за своето работење, така покажува отвореност за средби со претставниците на граѓанското општество и бара од граѓаните да се вклучат во донесувањето одлуки, притоа отсликувајќи ги потребите на граѓаните и желбата за подобрување во работата на институцијата. Сепак, доколку информациите се сокриваат, не се покажува спремност за споделување или информациите се споделуваат само  делумно или на манипулативен начин, тоа остава простор за сомнеж за лошо управување и корупција.

Мониторингот на транспарентноста и отчетноста на избраните функционери е сложена задача. Доколку не се спроведува на професионален и непристрасен начин, може да предизвика значителна контроверзност. Со цел оваа сложена задача да биде ефикасна, тимот за СМС ги презеде следниве чекори:

- Избрани ГОи и мобилизатори на заедницата да спроведуваат мониторинг на приоритетните изборни ветувања што се вклучени во годишните програми на општините;
- За поддршка на тимовите, за мобилизаторите беа воспоставени канали за писмена и усна комуникација, контакти преку е-пошта и консултации преку платформата Zoom;
- СМС тимот обезбеди обрасци за барања за пристап до информации од јавен карактер;
- Беа обезбедени и различни начини за давање совети како да се пристапи до локалната власт и како да се спроведуваат интервјуа со функционерите.

Покрај собирањето податоци, преку мониторингот се работеше и на потсетување на **функционерите дека активностите што се наведени во годишните програми треба да се спроведат**.

Примерите за заложбите на ГО и мобилизаторите на заедницата покажуваат дека беше неопходно да се направат **значителни напори** за да се примени пристапот за мониторинг и да се постигнат резултати.




Приказ 3: Пример 1 за успешни заложби за мониторинг и мобилизација.




Приказ 4: Пример 2 за успешни заложби за мониторинг и мобилизација.

## 5. КАКО СЕ ВРШИ МОНИТОРИНГ?

Мониторингот претставува систематско собирање на податоци во согласност со одобрена/договорена методологија со **цел да се постигнат позитивни промени во заедницата.** Систематското собирање на податоци мора да се спроведе според **однапред договорен пристап**, бидејќи во спротивно податоците ќе ја изгубат својата **моќ и веродостојност**. **Од клучна важност** е да се утврди веродостојна и ригорозна методологија што доследно се спроведува за да се постигнат веродостојни резултати и истите да бидат **презентирани на уверлив начин**.

**Методологијата за мониторинг** е веродостоен, сигурен, систематски и однапред договорен начин за собирање податоци во избрана и конкретна област на избрана и конкретна тема. Во рамки на проектот „Поддршка на изборните реформи во Македонија“, процесот на мониторинг се фокусира на изборните ветувања на политичките партии. За таа цел, според методологијата за мониторинг се прави преглед на програмите на избраните функционери на национално, а потоа и на локално ниво за да се следи степенот на реализација на изборните програми. Процесот на мониторинг се заснова на примена на Матрицата за мониторинг[1] (ММ) која послужи како сеопфатна алатка за мониторинг преку систематско собирање и презентација на податоци.

### Развој и употреба на Матрицата за мониторинг

По локалните избори од 2021 година, проектните активности се фокусираа на мониторинг на резултатите на избраните локални власти. Матрицата за мониторинг подетално се фокусираше на мерење на резултатите поврзани со принципите на транспарентност, отчетност и учество на граѓаните во донесувањето одлуки. ММ е поделена во три категории, а секоја од категориите содржи голем број критериуми по кои се спроведуваше мониторинг во однос на конкретното изборно ветување. Приказот подолу дава преглед на матрицата за мониторинг.




[1] Повеќе детали за матрицата за мониторинг може да се најдат на следниот линк https://electoralreforms.mk/en/indicator_sector/2021/

Приказ 5: Категории од Матрицата за мониторинг на општинско ниво

Првата категорија на алатката за мониторинг, односно, *Статус на мониторинг на предметната тема,* вклучува две групи на критериуми: *имплементација* и/или потенцијална *стагнација* (Приказ 3).


ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Search ... MK AL EN

Home About Us Activities Monitoring Matrix Publications

MONITORING MATRIX

November 2022 December 2022 January 2023 February 2023 March 2023 April 2023 May 2023 June 2023

I. Status of the monitored item

| | Monitoring criteria | Status | Brief description and comments | Source of information |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Implementation | | | |
| 1.1 | A decision has been reached to start the implementation of the monitored item | No | | Website of the municipality (https://www.prilep.gov.mk/) |
| 1.2 | A procurement process is being/has been carried out related to the monitored item | N/A | The project is in its initial phase and is stagnating | |
| 1.3 | Informative meetings and gatherings with stakeholders have been held | Yes | The municipality holds informative meetings with stakeholders at their request | Youth organizations |
| 1.4 | An implementation plan has been prepared for implementation of the | No | | Website of the municipality (https://www.prilep.gov.mk/) |

Приказ 6: Компоненти на категоријата *Статус на мониторинг на изборно ветување*

Втората категорија во Матрицата за мониторинг - *Транспарентност и отчетност на општината/институцијата* вклучува критериуми за мерење на отвореноста на одговорната институција кон јавноста во делот на изборното ветување кое е предмет на мониторинг (Приказ 6).


ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Search ... MK AL EN

Home About Us Activities Monitoring Matrix Publications

November 2022 December 2022 January 2023 February 2023 March 2023 April 2023 May 2023 June 2023

I. Status of the monitored item

II. Transparency and accountability of the municipality related to the monitored item

| | Monitoring criteria | Status | Brief description and comments | Source of information |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Information about the status of the monitored item is available on the municipality's website and social network | Yes | From the program: - Point 7 (completely new bicycle infrastructure) - Connection with the locality Smolevo with a pedestrian and bicycle path - bicycle paths and bicycle crossings and a recreational bicycle path in the park | Website of the municipality https://www.bitola.gov.mk/ https://vmro-dpmne.org.mk/wp-content/uploads/2022/04/Bitola-programma-lokalni-2021.pdf |
| 2 | Information about the status of the project is obtained through a Request for Access to Public InformationInformation about the status of the monitored item is obtained through a Request for Access to Public Information | Yes | Information on the status of the electoral promise can be obtained through a Public Information Request Forms, but so far there have been no requests on this issue. | Person for public information of the Municipality of Bitola. |

Приказ 7: Компоненти на категоријата *Транспарентност и отчетност на општината*

Третата категорија „Учество на граѓаните во донесувањето одлуки“ вклучува критериуми се кои се мери до кој степен одговорната институција ги вклучува граѓаните во процесите на донесување одлуки поврзани со изборното ветување што е предмет на мониторинг (Приказ 7).



Search ...

MK AL EN

ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Home About Us Activities Monitoring Matrix Publications

**III. Citizen participation in decision-making related to the monitored item**

| | Monitoring criteria | Status | Brief description and comments | Source of information |
|---|---|---|---|---|
| 1 | The municipality has involved the citizens in decision-making related to the monitored item | No | This month, the citizens were not involved, because there was no need for their involvement. During the month of March, citizens were involved in determining additional locations for the installation of LED lighting. | Head of Department for Financial Affairs |
| 2 | Citizens have filed an initiative for participation in decision-making related to the monitored item | No | No initiative has been submitted by citizens for participation in the decisions related to the election promise | Head of Department for Financial Affairs Citizens |
| 3 | Citizens participate in the implementation of the monitored item with their input and resources | No | In the past month, the citizens were not involved in the realization of the project, because there was no need for their involvement. | Head of Department for Financial Affairs |
| 4 | **Mechanisms utilized by the municipality to ensure citizen participation, specifically as related to the monitored item:** | | | |
| 4.1 | Public gatherings, debates and forums | No | No public meetings, debates or forums related to this initiative have been held | Head of Department for Financial Affairs |
| 4.2 | Possibility for e-participation via mobile apps, website(s), electronic templates, | Yes | On the website of the Municipality, there is an opportunity to report a problem, | E-municipality report a problem http://www.pp.e- |

Приказ 8: Компоненти на категоријата граѓанско учество во донесување одлуки

Во матрицата за мониторинг на локално ниво се користи скалило со да/не за да се евидентира дали конкретниот критериум е исполнет. Додадена е и посебна колона доколку некои од критериумите се неприменливи или не се достапни податоци за конкретно изборно ветување.

Покрај тоа, матрицата за мониторинг дава и преглед на резултатите по конкретни критериуми за мониторинг. Од анализата беа добиени корисни информации за динамиката на исполнување на изборните ветувања и за методите што ги користат јавните институции и општините за да бидат транспарентни и да ги вклучат граѓаните во донесување одлуки во контекст на мониторингот на изборно ветување.
Подолу е даден пример за некои од збирните наоди од искуствата за спроведениот мониторинг во рамките на проектот „Поддршка на изборните реформи“, односно:

- Во 2022 година, за 70% од дадените ветувања започнато е со реализација на конкретни активности и може да се забележат првични резултати од реализацијата за 70% од дадените ветувања. Овие податоци посочуваат на **благ пораст** од 10% за индикаторот *Видливи првични резултати од исполнувањето на ветувањата што се предмет на мониторинг,* споредено со податоците од почетокот на процесот на мониторинг. Сепак, остануваат уште околу 20% од предизборните ветувања, коишто се во фокусот на мониторингот, а чијашто реализација сѐ уште не е започната во општините.
- Во однос на транспарентноста и отчетноста на општините за дадените ветување, висок процент, односно 60% од општините на своите веб-страници **немаат споделено информации** за статусот на реализација на даденото ветување. Имајќи ги предвид овие податоци, забележано е кумулативно намалување од 20% кај овој индикатор во споредба со податоците од почетокот на процесот на мониторинг.

- Во однос на механизмите што ги користи општината за да обезбеди вклученост на граѓаните, отворените денови е механизам што општините (60%) најчесто го користат, додека специјално организираните јавни собири, дебати или дискусии е механизам што уште помалку се користи, односно, само за 20% од дадените ветувања; 60% од општините користат некаква форма на е-учество, односно, мобилни апликации, формулари за веб-страници и други електронски обрасци.

Целиот систем за собирање и мониторинг на податоци се заснова на веб решение, а мобилизаторите на заедницата ги внесуваат резултатите врз основа на собраните податоци за конкретен месец. Мобилизаторите на заедницата особено ценат што им беше овозможено да ги внесуваат податоците онлајн и предлагаат и понатаму да се унапреди и ажурира веб страницата за матрицата за мониторинг, вклучително и да се унапреди преку новитети, карактеристики и подобрена пристапност и функционалност што е по мерка на корисниците.




Приказ 9: Важноста на матрицата за мониторинг, според согледувањата на мобилизаторите на заедницата

- Процес на собирање податоци

Матрицата за мониторинг како алатка за собирање и презентирање податоци во текот на проектот беше унапредена од едноставна Excel табела до софистицирано веб-базирано решение. Мобилизаторите на заедницата ги внесуваа податоците, додека Системи за стратешко управување (СМС), кои ја креираа матрицата за мониторинг го гарантираа квалитетот. Важна карактеристика на матрицата за мониторинг е повеќејазичноста, а тоа им овозможува на мобилизаторите на заедницата да вршат мониторинг и да внесуваат податоци на три јазици, односно, на македонски, албански и англиски јазик. Овој пристап дополнително овозможи да се прилагоди и презентирањето на собраните податоци пред засегнатите страни и граѓаните во заедниците.

### Извори на информации за внес на податоци

| |
|---|
| *Најчести начини за собирање информации:*<br>• *Информации што се јавно достапни на интернет (интернет и социјални мрежи)*<br>• *Поднесување барање за информации до институциите*<br>• *Интервјуа со претставници на институциите* |

Собирањето податоци засновани на факти беше спроведено преку анализа на документи, испраќање барања за јавно достапни информации до институциите, анализа на веб-страниците и социјалните мрежи, анкети, интервјуа итн.

Покрај тоа, тимовите на мобилизатори на заедницата **остваруваа контакти со општините** на месечна основа за да побараат информации за статусот на избраниот приоритет. Мобилизаторите на заедницата, исто така, воспоставија директна комуникација со релевантните претставници на општинската администрација и **спроведуваа интервјуа лице в лице и одржуваа средби** за да го разберат статусот на избраниот приоритет и да добијат повеќе информации за транспарентноста на општината и учеството на граѓаните во донесувањето одлуки во врска со конкретни приоритети.

Мобилизаторите на заедницата редовно обезбедуваа одговор на нивните прашања преку анализа на документација, како што се општинските годишни извештаи, програмските извештаи и стратешките документи, како и преку испраќање барања за јавно достапни информации. **Повеќето општини редовно обезбедуваа одговор на овие барања со задоволителна содржина.** Одвреме-навреме се добиваа нецелосни одговори, и мобилизаторите на заедницата пристапуваа кон директни контакти и комуникација сѐ додека не ги обезбедат бараните информации. Комуникацијата со општинските власти прерасна во редовна пракса, и тоа беше добра вежба за мобилизаторите на заедниците во насока на воспоставување и одржување на соработката и **комуникацијата** со властите на **конструктивен и системски начин**.

Дел од општините се покажа дека се добар пример за транспарентност преку споделување информации на нивните Фејсбук профили и веб-страници. Работата на некои од тимовите на мобилизаторите на заедницата беше релативно лесна, односно, редовно ги следеа профилите на општината на социјалните мрежи и собираа информации користејќи го овој пристап. Во прилог на веродостојноста на податоците презентирани во рамките на матрицата за мониторинг, мобилизаторите на заедницата објавуваа линкови до соопштенија за јавност, написи во медиуми и објави на социјалните медиуми поврзани со избраниот приоритет што беше предмет на мониторинг.

## 6. ЕФИКАСНА УПОТРЕБА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ

Од спроведениот мониторингот треба да произлезе независна анализа, односно, компетентна проценка за проблем или одредено прашање врз основа на податоци. На тој начин ГОи можат да изградат знаење и стручност на предметната тема, притоа градејќи **солидна основа за ефективно застапување за подобрувања**. Проектите за мониторинг им овозможуваат на

**активистите на ГО да станат стручни** во одредена област и да водат **компетентен и рамноправен** разговор со општинските и националните власти и другите засегнати страни преку различни начини на комуникација**.** На овој начин, ангажманот во мониторингот на проектите претставува и **важна алатка за организациско и лично зајакнување.**

Резултатите од проектот или алатките изработени за време на мониторингот се главни инструменти за застапување (објаснети подолу). Застапувањето се однесува на употребата на овие инструменти за да јавно се изнесат заклучоците од процесот на мониторинг – **истакнување на проблемите и презентирање на решенија.** На овој начин, преку застапување**, мониторингот води кон промени и подобрувања.**




Приказ 10: Мониторингот им помага на активистите од ГОи да станат стручни и да се застапуваат за подобрувања.

Оттука, мониторингот претставува начин на **стекнување систематско знаење за застапување и промовирање на позитивни промени**. Мониторингот сам по себе не е цел на проектите *за мобилизација на граѓаните,* туку претставува структуриран и квалитетен инструмент **за да се постигнат подобрувања за заедниците и државите**.

### Пристапи и методи на застапување

Севкупниот успех на проектите за мобилизација на заедницата со примена на мониторинг како нивна основна активност ќе зависи од тоа како ГОи и активистите ќе постапат со резултатите од мониторингот. Поради оваа причина, корисно е да се **изработи план за застапување или стратегија** каде се опфатени следниве аспекти:

- колку активно треба да се презентираат резултатите од мониторингот и на кого (работа со засегнатите страни, види подолу);
- како да се *одбранат* резултатите, односно, како да се зголеми транспарентноста и отвореноста во врска со методологијата и пристапот на мониторингот за да се намалат противењата, критиките и, во најлош случај, нападите;

- како *да се промовираат* резултатите преку информирање на оние кои можат да ги интензивираат ефектите, преку водење активни кампањи на социјалните медиуми и наоѓање и ангажирање на сојузници за промовирање на резултатите;
- во колкава мера ќе бидат презентирани *препораките* на проектот на јасен и активен начин пред главните засегнати страни. Во извештајот за проектот треба да се вклучат прецизно и конкретно формулирани препораки и истите треба да бидат лесно достапни. Препораките за проекти се секогаш корисна алатка за активно и конструктивно ангажирање во заложбите за застапување.




Приказ 11: Четири основни аспекти на успешно застапување.

- **Работа со засегнатите страни**

Засегнати страни се сите оние кои имаат свој *интерес* во проектот. За да се постигне ефективност на проектите за мобилизација на заедницата и мониторингот, неопходно е работата да биде **видлива** за новинарите, блогерите, инфлуенсерите, активистите на социјалните мрежи и другите кои можат да ја промовираат пораката на проектот. Тие се исто така важни засегнати страни на проектот и тие треба систематски да се информираат и вклучат.




Приказ 12: Мапирање на засегнатите страни во проектот.

## Функционери и претставници на политички партии

Спроведувањето на политиките за кои се залагаат ГОи е дел од работните обврски на општинските службеници (општинската администрација). Истовремено, активностите на ГОи за мониторинг и мобилизација може да станат корисни за политичките партии кои ги подготвуваат своите изборни програми со конкретни предлози, бидејќи така ќе добијат насоки за најитните потреби на заедниците и тоа ќе помогне во обликувањето на релевантните политики и предлози ориентирани кон граѓаните. Меѓутоа, тоа може да биде и извор на конфронтации бидејќи на овој начин се ставаат под лупа и одредени заостанувања или пропусти да се преземе нешто.

Затоа, важно е граѓанските организации да се вклучат во работа со претставниците на политичките партии и локалната самоуправа **на конструктивен и прагматичен начин**. Најдобар начин да се надмине конфронтирањето е да се биде целосно **отворен и транспарентен** за целите на проектот (позитивна промена), методологијата што се користи за проектот (јасно објаснување на матрицата за мониторинг) и собраните податоци, како и да се биде искрен, непристрасен и веродостоен во толкувањето на податоците.

### Случај 1: Дигиталните алатки како начин за олеснет пристап на граѓаните до општинските услуги

Како иновативна иницијатива, граѓанска организација од југозападниот регион спроведе мониторинг на изборните ветувања за (1) зголемено учество на граѓаните во испораката на општинските услуги и (2) зголемена транспарентност, одговорност и отчетност на општината и општинските претпријатија преку користење дигитална технологија. Една од клучните активности во рамките на оваа иницијатива беше дизајн и развој на апликација за паметни телефони која ќе им овозможи на жителите во општината да пријавуваат комунални проблеми или да бараат комунални услуги во проблематичните области кои што најчесто ги засегаат. По неколку јавни консултации за да се добијат повратни информации од граѓаните за развој и приспособување на апликацијата, беа идентификувани три клучни области за развој - вода/канализација, осветлување и инфраструктура. ГО потоа започна консултации со локалната самоуправа со цел официјално да се вклучи општината, да се добие поддршка и апликацијата да се интегрира како одобрена дигитална алатка. Два месеци по креирањето, апликацијата беше прифатена од општината и беше одлучено да биде заеднички администрирана од тројца администратори од ГО и еден општински претставник. При прегледот на резултатите, граѓаните во општината имаа пријавено 7 реални проблеми поврзани со водоводот и канализацијата, 3 проблеми со јавното осветлување, 3 инфраструктурни проблеми, 5 проблеми поврзани со чистотата и животната средина и беа закажани 2 средби со градоначалникот.




Приказ 13: Градење на конструктивни релации со државните службеници

## *Граѓани и други граѓански организации*

Друга важна група на засегнати страни се граѓаните и другите групи од граѓанското општество. Тоа се луѓе кои имаат способност да вршат притисок врз носителите на одлуки за спроведување на конкретни политики. Меѓутоа, овие групи честопати не се толку сигурни во нивната способност да ги изнесат своите приговори и да постигнат резултати, поединечно или колективно. Затоа, дел од стратегијата за вклучување на други групи од граѓанското општество е да им се понудат начини на учество, а тоа ќе помогне да се надмине нивниот скептицизам и да се покажат конкретните придобивки што може да произлезат од нивното дејствување. На пример, ако мобилизаторите на заедницата можат да покажат дека веќе имаат изградено конструктивни односи со општинската администрација, може ќе биде полесно да ги убедат

другите да ги следат. На пример, проектите за мониторинг се честопати директно поврзани со состојбата на ранливите групи во заедниците. Во таков случај, групите од граѓанското општество кои ги застапуваат нивните интереси (на пр. родители на деца со посебни потреби) ќе бидат активни и сигурни промотори на резултатите од проектот и ќе се залагаат за подобрувања.

Случај 2: Заеднички заложби на граѓанскиот сектор за застапување и добивање општинска поддршка
Како иновативна иницијатива, граѓанска организација од источниот регион спроведе мониторинг на исполнувањето на изборното ветување поврзано со усвојувањето *на Општинската стратегија* за соработка со граѓанските организации за 2022-2025 година и соодветниот буџет за спроведување на стратегијата. Општината е мала, со околу 15.000 жители, и иако граѓанскиот сектор е добро застапен, со околу 46 активни граѓански организации, тие понекогаш имаат спротивставени интереси. За да се ублажи ваквата состојба, граѓанската организација заедно со колеги од граѓанскиот сектор спроведе 3 обуки, со учество на 14 невладини организации и 60 учесници во врска со пристапот до информации од јавен карактер; следењето на буџетот и пристапот до отворени финансии; како и обука за застапување и лобирање. Покрај тоа, беа подготвени 10 видео наративи како дел од онлајн кампањата со цел да се даде видливост на работата и влијанието на граѓанските организации. Обединувањето и надминувањето на претходните ривалства во граѓанскиот сектор беше наведено како едно од најголемите достигнувања во процесот на застапување, бидејќи така заеднички го зголемија притисокот врз општината, наместо да се борат едни против други. Соочена со опстојувањето на обединетиот граѓански сектор, единицата на локалната самоуправа издвои буџет од 1.220.000 денари за *Стратегијата во* програмата за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и спортските здруженија. Активностите за имплементација продолжуваат.

### Резултати постигнати преку мониторинг

Со оглед на презаситеноста со информации во денешно време, неопходно е да се посвети особено внимание на изборот на алатки за комуникација во рамки на проектот. Проектите за мониторинг главно користат извештаи, изјави за печатот, летоци, видеа, визуелни содржини на социјалните медиуми и други комуникациски средства како начини за комуникација. Речиси во сите проекти се користеа некои или сите наведени начини на комуникација.

Летоците и постерите се корисни материјали за информирање на постарите лица и лицата кои живеат во руралните средини. На пример, со цел информирање на граѓаните за воспоставената општинска служба за згрижување на стари лица во руралните средини, грантистот испечати летоци со информации за опсегот на оваа услуга и за сертифицираните стручни лица како даватели на услугата. Покрај тоа, со цел да се соберат повратни информации за задоволство на граѓаните од услугата, грантистот на проектот организираше дискусија и истата ја промовираше на социјалните мрежи. Беа испечатени постери со информации за дискусијата и потоа беа поделени низ селата во конкретната рурална општина за да се информираат постарите лица кои не користат социјални мрежи.

Визуелните прикази, како што се информативни графикони и мемиња, се корисни алатки за презентирање на податоците од анкетите и аналитичките извештаи спроведени како дел од процесите на мониторинг и застапување. На пример, грантистот спроведе анкета за инфраструктурата и изградбата на патот во блиското село. Резултатите од анкетата беа презентирани на средбите со постарата популација, и беа споделени на социјалните мрежи во форма на визуелни прикази (графикони и податоци) за да се информира и младата популација која не присуствуваше на средбите во селото.

Ваквите визуелни прикази обично содржат куси информации за резултатите од анкетите и го задржуваат вниманието на читателот, особено на помладата популација, преку користење на слики што привлекуваат внимание. Покрај тоа, атрактивните и смешни цртани ликови (или мемиња) исто така може да го привлечат вниманието и да информираат. Кратките видеа (до 60 секунди) исто така можат да бидат корисни, особено кога се користат алгоритми на социјалните мрежи за таргетирање на одредена публика во одредена заедница. Јасна видео презентација со визуелизација на ограничен број податоци, со јасна нарација и употреба на титлови, исто така, може лесно да се гледа на паметни телефони и, ако е привлечна, да предизвика интерес и ангажман. Општо земено, планирањето на резултатите што треба да се постигнат со проектот и како тие би се користеле треба да биде дел од стратегијата за застапување; но, се разбира, тоа не ја исклучува и можноста да се користат некои *ад хок* решенија кога ќе се појави таква потреба.

## 7. КЛУЧНИ ИЗВЛЕЧЕНИ ПОУКИ: НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ И ПРЕПОРАКИ

- **Континуитетот и трпеливоста се важни:** За да се спроведе мониторингот на работата на локалните и националните власти, неопходно е трпение и континуитет. Преку постојаното вршење мониторинг може да се изврши посилен притисок од јавноста и да се постигнат подобри резултати.
- **Мониторингот доведува до создавање нова генерација на политичари:** Спроведувањето на локалните проекти за мониторинг им дава на знаење на политичарите дека нивната работа се следи. Постојаните заложби за мониторинг придонесуваат да се создаде нова генерација политичари кои се повнимателни во осмислувањето на изборните програми, особено за тоа колку тие се применливи во насока на реалните потреби на граѓаните.
- Процесот на мониторинг и програмата на СМС за развој на капацитетите **помогнаа за развој на вештини кај младите и претставниците на ГОи** кои беа вклучени во програмата за собирање податоци, комуникацијата со општинските претставници и редовните активности за мониторинг. Фасилитирањето и менторството во текот на целата програма се исто така важни.
- **Менторските сесии и состаноците организирани со мобилизаторите на заедницата и ГОи овозможија врсничка размена на искуства** и многу корисни совети и препораки.
- Надградбата на **процесот на внесување податоци** овозможи мобилизаторите на заедницата директно да ги внесуваат податоците во матрицата за мониторинг. Овој пристап обезбеди **ефикасност** од аспект на времето, додека надзорната улога на тимот за СМС го гарантираше квалитет и веродостојноста на податоците.
- Преводот на матрицата за мониторинг на три јазици исто така се спроведе и онлајн, и дополнително го забрза процесот на објавување на податоци.
- Новиот формат на матрицата за мониторинг што беше прилагоден за да ги опфати барањата за мониторинг на изборните ветувања на локално ниво, **е алатка по мерка на корисниците која обезбедува едноставни информации кои се лесно разбирливи и применливи**. Оттука, матрицата за мониторинг има голем потенцијал како **алатка за информирање и застапување на граѓанските организации и општините**.

- Активностите за дисеминација помогнаа за **ширење на информациите за изборните ветувања** преземени од локалните власти и понудија квалитетни информации за **статусот на исполнување на изборните ветувања**, **транспарентноста на општината** во врска со конкретно изборно ветување, како и за **учеството на граѓаните во процесите на донесување одлуки**.
- Активностите за застапување и дисеминација ја **мобилизираа поширокота заедница** која што има интерес во исполнување на конкретно изборно ветување. **Локалните медиуми беа вклучени** во подготовка на стории и натписи. Исто така, локалните медиуми ги поканија претставниците на ГОи да зборуваат за изборните ветувања и на тој начин ги информираа граѓаните за статусот на прашањето. **Професионалци и други граѓани од локалните заедници учествуваа на јавните настани** и дадоа свои видувања во однос на конкретно изборно ветување.
- **Конзистентноста и транспарентноста** на целите на проектот, применетиот пристап и тимовите кои го користат тој пристап се од суштинско значење за **успешноста** на проектот.